# Кина - Хонг Конг, Макао, Шангај и Пекинг

## 5. април 2027. - 16. април 2027.
## 12 дена - 9 ноќи

> Време е за најновата Jungle авантура!
>
> Овој пат ве водиме на експедиција низ четири неверојатни азиски дестинации – футуристичкиот Хонг Конг, колоритниот Макао, космополитскиот Шангај и историскиот Пекинг!
>
> Патување во кое ќе ги споиме древната кинеска историја, модерните мегаполиси, импресивната архитектура, традиционалната култура, неверојатната храна и едно од најпознатите светски чуда. Очекувајте патување полно со контрасти – од светкави облакодери и rooftop барови, преку традиционални храмови и стари квартови, до импозантниот Кинески Ѕид.
>
> Патување кое дефинитивно ќе го паметите доживотно!
>
> Нашата авантура ја започнуваме во Хонг Конг, градот каде што традиционалната Кина се среќава со еден од најмодерните урбани центри во светот.
> Град на облакодери, неонски светла, тесни улички, традиционални пазари и неверојатни панорамски погледи. Ќе го почувствуваме ритамот на градот и ќе го истражиме неговиот препознатлив skyline, а ќе се искачиме и до Victoria Peak, од каде Хонг Конг изгледа спектакуларно. Ќе прошетаме низ Central, ќе го почувствуваме локалниот дух на Kowloon, а вечерта ќе ја доживееме магијата на градот кога неговите облакодери и улици се претвораат во море од светла.
> Хонг Конг е совршен почеток на нашата кинеска експедиција – модерен, динамичен и сосема поинаков од сè што следува.
>
> Од Хонг Конг продолжуваме кон Макао – фасцинантна комбинација на кинеска и португалска култура.
> Ќе прошетаме низ историскиот центар на Макао и ќе ги откриваме неговите колонијални улици, традиционалните кинески храмови и препознатливата архитектура. Ќе ги видиме Ruins of St. Paul's, еден од симболите на градот, ќе прошетаме низ Senado Square и ќе ја почувствуваме атмосферата на местото каде Истокот и Западот се сретнале и создале сосема уникатна културна мешавина. А потоа – време е да ја почувствуваме и модерната страна на Макао, со неговите спектакуларни хотели, светкави улици и впечатлива архитектура.
>
> Следната станица е Шангај – град кој совршено покажува колку различни лица може да има Кина.
> Од една страна – стара Кина, традиционални градини, храмови и тесни улички. Од друга – огромни облакодери, модерни булевари, луксузни продавници и еден од најимпресивните skylines во светот. Ќе го истражуваме стариот дел на градот и ќе ја посетиме познатата Yu Garden, ќе прошетаме низ традиционалните квартови и ќе почувствуваме дел од историјата на Шангај.
> Потоа ја менуваме сценографијата и влегуваме во модерниот Шангај!

Ќе прошетаме по The Bund, една од најпознатите локации во градот, од каде се отвора неверојатен поглед кон модерниот skyline на Pudong. Ќе ги истражиме Nanjing Road и Xintiandi, а вечерите се резервирани за светлата на градот, rooftop атмосферата и прочуената шангајска гастрономија. Но Шангај не е само мегаполис. Ќе направиме и чекор назад во времето и ќе посетиме традиционален воден град, со канали, камени мостови, тесни улички, чајџилници и црвени кинески фенери – сосема поинаков свет од модерниот Шангај.

И конечно – Пекинг
Од Шангај со брз воз продолжуваме кон Пекинг, политичкиот, историскиот и културниот центар на Кина. Тука започнува нашето вистинско патување низ древната кинеска историја.
Ќе го посетиме Tiananmen Square, еден од најпознатите плоштади во светот, а веднаш потоа ќе влеземе во Forbidden City – огромниот царски комплекс кој со векови бил дом на кинеските императори. Ќе продолжиме кон Jingshan Park, од каде се отвора прекрасен поглед кон Forbidden City, а потоа ќе се изгубиме низ традиционалните hutong улички и областа околу Houhai и Shichahai.
Секако, Пекинг не може да се доживее без неговата легендарна гастрономија. Ќе имаме можност да ја пробаме прочуената Peking Duck, но и дел од локалната street food сцена.

Време е за едно светско чудо! Се упатуваме кон Кинескиот Ѕид – едно од најголемите и најпрепознатливите достигнувања во историјата на човештвото. Ќе застанеме на врвот на Ѕидот и пред нас ќе се отвори неверојатен пејзаж кој се протега низ планините.
Момент за фотографии, момент за пауза и момент кога навистина сфаќаме дека сме стигнале до едно од најпознатите места на планетата.
Ќе го посетиме и Temple of Heaven, грандиозниот царски религиски комплекс посветен на древните ритуали и молитви за добра жетва, како и Summer Palace, некогашната царска летна резиденција со прекрасни градини, езера и павилјони.

Од футуристичкиот Хонг Конг, преку уникатниот Макао, светкавата метропола Шангај и историскиот Пекинг – ова е патување кое ни покажува дека Кина не е само една дестинација. Кина е цел свет за откривање.

Ќе патуваме низ различни епохи, ќе запознаеме различни култури, ќе пробаме нови вкусови, ќе се восхитуваме на неверојатна архитектура и ќе создадеме спомени кои ќе останат со нас долго по враќањето дома.

Кина е авантура за секој вистински патник.

А оваа Jungle експедиција е создадена за оние кои сакаат да ја доживеат во целост.

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанок на патниците на Меѓународниот Аеродом во Скопје два часа пред лет. Лет од Скопје за Истанбул. Пристигнување во Истанбул. Конекција на лет за Хонг Конг.

**Превоз**

Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Хонг Конг (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Скопје, Истанбул

**Ден 2: Пристигнување во Хонг Конг**

Слетуваме на аеродромот во Хонг Конг и имаме трансфер до сместувањето. Слободно време за одмор и запознавање со новата култура.***Ноќевање.***

**Превоз**

Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**

Хотел со 4* во Хонг Конг **(1 ноќ)**

**Место**

Хонг Конг

**Ден 3: Факултативен излет - Hong Kong City Tour**

Се впуштаме во возбудливо патување низ Хонг Конг, каде историјата и современиот дух се сретнуваат на секој чекор. Излетот го започнуваме со посета на**центарот Tai Kwun** – некогашна полициска станица и затвор, денес трансформиран во модерен културно-уметнички простор.Се качуваме по прочуените**Mid-Level Escalator**, најдолгите надворешни подвижни скали во светот, познати од филмови како „Бетмен“. Ќе го разгледаме и **Централниот пазар**, некогаш пазар, денес креативен и културен центар. На **Плоштадот на статуите (Statue Square)** ќе ја видиме зградата на Врховниот суд и прочуената**HSBC** – една од најимпресивните градби во градот. Ќе поминеме покрај старата **Француска мисија** и **катедралата Свети Јован**, најстара англиканска црква на Далечниот Исток. Се возиме со легендарниот **Peak Tram** до **Викторија Пик**, од каде се пружа незаборавен поглед кон градот. По слободното време на врвот, го поминуваме заливот со традиционален**Star Ferry** до прошеталиштето **Tsim Sha Tsui**, а разгледот го завршуваме со импресивниот комплекс **1881 Heritage**, некогаш седиште на поморската полиција. Враќање во хотел по ден исполнет со историја, култура и спектакуларни панорами. Ноќевање.

**Сместување**

Хотел со 4* во Хонг Конг **(1 ноќ)**

**Место**

Хонг Конг

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**

Hong Kong City Tour

**Ден 4: Факултативен излет - Макао FREE ИЗЛЕТ**

Од хотелот тргнуваме со метро кон траектната станица, од каде се качуваме на брзиот**Turbojet** брод за Макао (околу 1 час патување). Излетот го започнуваме со разглед на историскиот центар на Макао, со прва станица кај **Руините на црквата Свети Павле**, најпознатиот симбол на градот. Следува прошетка до**плоштадот Leal Senado**, со слободно време за фотографии и уживање во колонијалната архитектура. Потоа се превезуваме до**Макао кула**, од каде се пружа спектакуларен поглед кон градот.Продолжуваме кон **храмот А Ма**, духовен симбол на Макао, а потоа правиме пауза на**улицата на храна Taipa**, каде можете да пробате разновидни локални специјалитети. Кратко ја посетуваме и **Португалскиот музеј**, сместен во автентични колонијални куќи. За крај, имаме слободно време во комплексот **Venetian** – раскошен центар со казина, продавници и забава. Во попладневните часови се враќаме со брод, а потоа со метро назад до хотелот. ***Ноќевање.***

**Сместување**

Хотел со 4* во Хонг Конг **(1 ноќ)**

**Место**

Хонг Конг

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**

Макао ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 5: Трансфер до Шангај и излет Shanghai HighlightsFREE ИЗЛЕТ**

Го напуштаме нашето сместување во Хонг Конг и тргнуваме за Шангај во раните утрински часови. Се возиме со познатите брзи возови! По пристигнувањето во Шангај имаме трансфер до нашиот хотел. Вечерта ја продолжуваме со истражување на модерните достигнувања на Шангај, односно неговите најпознати улици -- Xintiandi, The Bund и Nanjing. Xintiandi е поранешна населба на стариот Шикумен и е реинкарнирана во блескава и современа област во Шангај со одлични ресторани, луксузни клубови и бутици. Потоа се упатуваме кон познатнто пристаниште The Bund -- луксузно место, со ресторани и преубава глетка над Shanghai-waterfront. Нашата прошетка ја завршуваме со модерна, осветлена улица полна со продавници и ресторани, една од најскапите шопинг улици на светот која се носи рамо до рамо со познатата Takeshita (Harajuku) во Јапонија, Champs-Élysées во Франција и Oxford Street во Лондон -- Nanjing Road.

**Превоз**

Трансфер со брз воз од Хонг Конг до Шангај
Локален трансфер до хотелот во Шангај

**Сместување**

Harbour Plaza Metropolitan Hotel 4* **(1 ноќ)**

**Место**

Шангај (Shanghai)

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**

Shanghai Highlights ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 6: Факултативен излет - Yu Garden, Chenghuangmiao и Tianzifang.**

По појадок, овој ден го започнуваме со градините Ју Јуан (или само градините Ју - што во превод значи градините на задоволството) се едни од најубавите градини во цела Кина. Овие градини се наоѓаат во срцето на стариот дел на Шангај. Јујуан е област која е сокриена меѓу куп облакодери, област со мали традиционални куќички и бујно зеленило. Улиците се полни со луѓе, продавници и прекрасни кинески куќички. Градините Ју Јуан се изградени во 16тиот век и се отворени за јавноста во 1961 година. На површина од околу 20.000 квадратни метри се наоѓаат традиционални кинески павилјони, неколку езерца, егзотични карпи, стари дрвја и шарени цвеќиња. Градината е поделена на шест тематски зони. Еден од најпознатите делови на градините Ју Јуан е карпата Жад, која се наоѓа спроти обзерваторијата Јухуа од каде и всушност се набљудува оваа карпа. Станува збор за прекрасна карпа висока над три метри, која има 72 дупки. Посебната карактеристика на оваа карпа е што ако под неа запалите темјан, чадот магично ќе излезе од сите 72 дупки. Ако преку врвот се истури вода во карпата, таа ќе тече од сите дупки и ќе создаде прекрасна глетка. Ја посетуваме и улицата Ченгхуангмиао, како и округот Ксинтианди. Оттаму продолжууваме кон градот Тианзифанг, мини-град кој има само станбени згради и фабрики кои се претворени во уметнички инсталации, каде има хипстерски барови, кафулиња, продавници, дизајнерски студија, и галерии. Вечерно враќање во сместување.
**Ноќевање**

**Сместување**

Harbour Plaza Metropolitan Hotel 4* **(1 ноќ)**

**Место**

Шангај (Shanghai)

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**

Yu Garden, Chenghuangmiao и Tianzifang.

**Ден 7: Факултативен излет - Xitang Ancient City**

По појадокот се упатуваме да го посетуваме и еден од најпознатите водни градови во Кина -- Xitang, кој до ден, денес го има зачувано духот на древна Кина. Сведочиме на контрастот со лудиот и модерниот Шангај -- храмови, тесни улички, чајџилници, канали, црвени кинески фенери и традиционален начин на живот. Сосема прекрасно искуство во овој древен воден град. Се возиме со брод, уживавме во вкусна храна и грицки, а исто така правиме незаборавни фотографии. Целодневно дружење и истражување во овој прекрасен мал град, но со богата историја. По посетата се враќаме назад во хотелот. Ноќевање.

**Сместување**

Harbour Plaza Metropolitan Hotel 4* **(1 ноќ)**

**Место**

Шангај (Shanghai)

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**

Xitang Ancient City

**Ден 8: Трансфер до Пекинг**

Го напуштаме нашето сместување во Шангај и тргнуваме за Пекинг во раните утрински часови. Се возиме со познатите брзи возови! По пристигнувањето во Пекинг имаме слободно време за да се запознаеме со главниот град на Кина. Град исполнет со многу приказни, традиции и историја. Потоа се упатуваме и правиме check-in во нашето сместување. Имаме слободно време за да одмориме или да излеземе во некои од локалните ресторани -- ии конечно да ја пробаме познатата Пекиншка патка. Ноќевање.

**Превоз**
Трансфер со брз воз од Шангај до Пекинг
Трансфер до хотелот во Пекинг

**Сместување**
Beijing Guantongjianhui Hotel A **(1 ноќ)**

**Место**
Пекинг (Beijing)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 9: Факултативен излет – Tiananmen Square, Forbidden City, Jingshan Park & Houhai Hutong**

Рано наутро тргнуваме на целодневен факултативен излет во Пекинг. Започнуваме со плоштадот Тјенанмен - област во срцето на Пекинг, каде се наоѓа и мавзолејот на основачот на кинеската комунистичка партија, Мао Це Тунг, кој го заштитуваат познатите мермерни лавови. Ова е еден од најголемите и најпознатите плоштади на #целсвет!! Продолжуваме кон еден од најпознатите симболи на Кина, покрај Кинескиот ѕид -- Забранетиот град. Огромен комплекс од царски палати и будистички храмови. Забранетиот град бил гробница на двете најпознати кралски фамилии на кина -- Ming i Qing. Ги посетуваме палатите и гробниците на овие познати династии, истите се полни со богатства и уметнички дела кои ги посетувале овие династии. По забранетиот град продолжуваме кон најпознатиот парк во Кина, паркот Џингшан. Специфично за овој парк е што истиот е изграден на вештачки рид кој има незаборавен поглед над забранетиот град. Оттука продолжуваме кон една од главните кралски палати на Минг династијата -- Houhai Hutong.  Враќање во сместување. **Ноќевање**.

**Сместување**
Beijing Guantongjianhui Hotel A **(1 ноќ)**

**Место**
Пекинг (Beijing)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Tiananmen Square,Forbidden City,Jingshan Park,Houhai Hutong

**Ден 10: Факултативен излет - Great Wall of China, Summer Palace & Guijie Street**

По појадокот се упатуваме кон една од најдобрите факултативни излети, излет кој дефинитивно ќе биде highlight на нашата авантура во Кина. Освојуваме уште едно светско чудо, односно познатиот Кинески ѕид. За неговата изградба биле потребни повеќе од 2000 години. Огромниот џиновски змеј се протега низ границата на северна Кина, оваа структура поминува низ планини, шуми и котлини. Градба која ја бранела Кина од армиите на Генгис Кан. Се искачуваме на ѕидот со жичара, потоа започнуваме со нашата авантура на врвот на ѕидот!! Се искачуваме на различнивидоковци, се симнуваме во бунари и ги впечатуваме не-еднаквите скали на овој ѕид (некои од нив се високи самонеколку сантиметри, а некои достигнуваат и до 1 или 2 метри) Ќе уживаме во прекрасната глетка додека слушаме за приказните и историјата на ова светско чудо. Дефинитивно испразнете го вашиот телефон поради тоа што на ѕидот ќе направиме илјадници слики. Ја посетуваме и летната палата која во едно служела како летна резиденција на кинескиот император. Летната палата, денес е најголемиот национален парк во Кина, со површина од 270 хектари. Оваа палата датира од 17 век, а со тек на времето неколку пати била доградувана. Последен пат овој храм бил реновиран во времето на царицата Ци Ши, кога било ископано вештачко езеро. За крај ја посетуваме една од најфрекфентните улици во Пекинг, улицата Guijie -- каде всушност се наоѓа и еден од најголемите пазари Hongqiao. Купуваме разни сувенири, чај, зачини и се ценкаме со локалното население. Враќање во сместувањето. **Ноќевање.**

**Сместување**
Beijing Guantongjianhui Hotel A **(1 ноќ)**

**Место**
Пекинг (Beijing)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Great Wall of China, Summer Palace & Guije Street

**Ден 11: Напуштање на сместувањето и факултативен излет - Небесниот Храм и Schichai Park**

По појадокот правиме check out од нашиот хотел, багажот го оставаме во хотелот и се упатуваме во посета на Небесниот Храм кој е комплекс од царски верски згради, сместен во југоисточниот дел од градот. Во него се наоѓаат 12 внатрешни и 12 надворешни столбови, кои го симболизираат традиционалното кинеско сметање на времето. Станува збор за најголемиот и најшироки от храм на светот. Овој храм е прогласен од УНЕСКО за светско наследство. Додатоците направени во времето на оваа царица се меѓу врвните достигнувања на кинеската архитектура и градба. време е за релаксација. Го посетуваме единствениот парк во кој се спојуваат трите морињa на Кина и кој се наоѓа во срцето на Пекинг. Имаме слободно време да одмориме во глетката. Вечерен трансфер до аеродромот во Пекинг и лет за враќање кон Истанбул.

**Превоз**
Трансфер до аеродромот во Пекинг

**Место**
Пекинг (Beijing), Истанбул

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Небесниот храм и Schichai Park

**Ден 12: Враќање и крај на патувањето**

Пристигнување во  Истанбул во раните утрински часови. Утрински лет од Истанбул за Скопје. .**Крај на патувањето.**

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Пекинг -Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул- Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Истанбул, Скопје

**Цени и услови**

| Што е вклучено |
|---|
| Регуларна цена<br>**1.999,00** EUR |
| **ПРОМО ПОПУСТ!**<br>Попустот важи за првите 4 пријави!<br>**1.749,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скренирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

Доколку се пријавите како **соло патник**, потребна е **доплата за еднокреветна соба**. Со цел да го избегнете овој трошок по пријавата ние ќе го рекламираме Вашето поаѓање на нашите социјални медиуми за да најдеме друг соло патник кој би сакал да дели сместување со Вас. Агенцијата нема обврска задолжително да Ве спои со друг соло патник доколку никој не се пријави. **Во тој случај, доплатата за еднокреветна соба останува** како ставка за плаќање од страна на пријавениот патник.

**Факултативни излети**

**Hong Kong City Tour**

**Цена**: од **90,00** EUR до **105,00** EUR

Поаѓање од хотелот и трансфер до комплексот Tai Kwun – некогашна викторијанска полициска станица и затвор, денес претворени во жив културен и уметнички центар. По разгледувањето, одиме на прошетка по прочуената **Mid-Level Escalator** – најдолгата покриена надворешна подвижна патека во светот, позната и како место на снимање на бројни филмови, меѓу кои и „Бетмен“.

Патот нѐ води до Централната пазарница, една од најстарите „влажни“ пазари во Хонг Конг, која денес претставува современа уметничка и културна зона. Следи посета на **Плоштадот на статуите (Statue Square)**, каде што се наоѓа зградата на Врховниот суд – заштитен историски споменик. Поминуваме и покрај седиштето на банката HSBC, прочуена архитектонска градба која се наоѓа на истата локација веќе 160 години. Денешната зграда е четврта по ред, а кога била завршена во 1985

година, била најскапата зграда на светот.

Потоа, полека се искачуваме по Battery Lane за да ја видиме поранешната зграда на Француската мисија (надворешен разглед), како и величествената катедрала „Свети Јован“ – најстарата англиканска црква на Далечниот Исток.

По кратка прошетка пристигнуваме до станицата на прочуениот **Peak Tram**, кој ќе нѐ однесе на самиот врв на Викторија Пик (The Peak). Таму ќе имате слободно време за уживање во спектакуларниот поглед кон градот и за индивидуално истражување на оваа позната локација.

По спуштањето, се враќаме во Central и се качуваме на легендарниот **Star Ferry**, кој нѐ превезува до областа Tsim Sha Tsui. Правиме кратка фото-пауза на кејот, со совршен поглед на панорамата на Хонг Конг, пред да пристигнеме во импресивниот комплекс **1881 Heritage** – поранешна главна станица на поморската полиција, денес раскошно историско здание. По разгледот, следи враќање во хотел и завршување на незаборавниот ден исполнет со култура, историја и визуелни чуда на Хонг Конг.

**Цената на излетот вклучува:** организиран превоз според предвидениот распоред, услуги на претставник од нашата агенција, влезница за Macau Tower
**Цената не вклучува:** ручек, локален водич

**Макао ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ**

Со кратко возење со метро нѐ води до траектната станица, од каде тргнуваме со брзиот **„Turbojet“** кон Макао (околу 1 час). По пристигнувањето нѐ пречекува локален водич, кој ќе нѐ поведе низ најубавите делови од овој единствен град.

Разгледот го започнуваме со посета на прочуените **Руини на црквата Свети Павле** – икона на Макао и најпрепознатлив симбол на градот. Потоа следи прошетка до плоштадот **Leal Senado**, срцето на стариот град, со слободно време за фотографии и уживање во автентичната атмосфера на португалската колонијална архитектура.

По прошетката, се упатуваме со удобен автобус кон импресивната **Макао кула**, од каде се пружа панорамски поглед кон градот и Јужнокинеското Море. Следна станица е храмот **A Ma**, посветен на божицата на морето и еден од духовните симболи на Макао.

Потоа правиме пауза на прочуената **Taipa Food Street**, вистински рај за љубителите на локални специјалитети – од традиционални закуски од Макао до фузиски јадења што ја спојуваат португалската и кинеската кујна.

Следи кратка посета на **Португалскиот музеј**, сместен во внимателно зачувани колонијални куќи што ја раскажуваат приказната за богатото културно наследство на Макао.

За крај на излетот, ќе уживаме во слободно време во спектакуларниот комплекс **The Venetian** – огромен простор што нуди казина, бутици, гондоли и забава на секој чекор (околу 40–50 минути). Потоа се враќаме до траектната станица и се качуваме на бродот за враќање во Хонг Конг.

**Цената на излетот вклучува:** организиран превоз според предвидениот итинерар, услуги на претставник од нашата агенција

**Цената не вклучува:** ручек, локален водич

**Shanghai Highlights ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ**

Ги истражуваме модерните достигнувања на Шангај, односно неговите најпознати улици -- Xintiandi, The Bund и Nanjing. Xintiandi е поранешна населба на стариот Шикумен и е реинкарнирана во блескава и современа област во Шангај со одлични ресторани, луксузни клубови и бутици. Потоа се упатуваме кон познатнто пристаниште The Bund -- луксузно место, со ресторани и преубава глетка над Shanghai-waterfront. Нашата прошетка ја завршуваме со модерна, осветлена улица полна со продавници и ресторани, една од најскапите шопинг улици на светот која се носи рамо до рамо со познатата Takeshita (Harajuku) во Јапонија, Champs-Élysées во Франција и Oxford Street во Лондон -- Nanjing Road.

**Yu Garden, Chenghuangmiao и Tianzifang.**

**Цена**: **50,00** EUR

Започнуваме со градините Ју Јуан (или само градините Ју - што во превод значи градините на задоволството) се едни од најубавите градини во цела Кина. Овие градини се наоѓаат во срцето на стариот дел на Шангај. Јујуан е област која е сокриена меѓу куп облакодери, област со мали традиционални куќички и бујно зеленило. Улиците се полни со луѓе, продавници и прекрасни кинески куќички. Градините Ју Јуан се изградени во 16тиот век и се отворени за јавноста во 1961 година. На површина од околу 20.000 квадратни метри се наоѓаат традиционални кинески павилјони, неколку езерца, егзотични карпи, стари дрвја и шарени цвеќиња. Градината е поделена на шест тематски зони. Еден од најпознатите делови на градините Ју Јуан е карпата Жад, која се наоѓа спроти обзерваторијата Јухуа од каде и всушност се набљудува оваа карпа. Станува збор за прекрасна карпа висока над три метри, која има 72 дупки. Посебната карактеристика на оваа карпа е што ако под неа запалите темјан, чадот магично ќе излезе од сите 72 дупки. Ако преку врвот се истури вода во карпата, таа ќе тече од сите дупки и ќе создаде прекрасна глетка. Ја посетуваме и улицата Ченгхуангмиао, како и округот Ксинтианди. Оттаму продолжууваме кон градот Тианзифанг, мини-град кој има само станбени згради и фабрики кои се претворени во уметнички инсталации, каде има хипстерски барови, кафулиња, продавници, дизајнерски студија, и галерии.

**Xitang Ancient City**

**Цена**: **75,00** EUR

Го посетуваме и еден од најпознатите водни градови во Кина --  Xitang, кој до ден, денес го има зачувано духот на древна Кина. Сведочиме на контрастот со лудиот и модерниот Шангај -- храмови, тесни улички, чајџилници, канали, црвени кинески фенери и традиционален начин на живот. Сосема прекрасно искуство во овој древен воден град. Се возиме со брод, уживавме во вкусна храна и грицки, а исто така правиме незаборавни фотографии. Целодневно дружење и истражување во овој прекрасен мал град, но со богата историја

**Tiananmen Square,Forbidden City,Jingshan Park,Houhai Hutong**

**Цена**: од **65,00** EUR до **65,00** EUR

Започнуваме со плоштадот Тјенанмен - област во срцето на Пекинг, каде се наоѓа и мавзолејот на основачот на кинеската комунистичка партија, Мао Це Тунг, кој го заштитуваат познатите мермерни лавови. Ова е еден од најголемите и најпознатите плоштади на #целсвет!! Продолжуваме кон еден од најпознатите симболи на

Кина, покрај Кинескиот ѕид -- Забранетиот град. Огромен комплекс од царски палати и будистички храмови. Забранетиот град бил гробница на двете најпознати кралски фамилии на кина -- Ming i Qing. Ги посетуваме палатите и гробниците на овие познати династии, истите се полни со богатства и уметнички дела кои ги посетувале овие династии. По забранетиот град продолжуваме кон најпознатиот парк во Кина, паркот Џингшан. Специфично за овој парк е што истиот е изграден на вештачки рид кој има незаборавен поглед над забранетиот град. Потоа продолжуваме кон една од главните кралски палати на Минг династијата -- Houhai Hutong.

**Great Wall of China, Summer Palace & Guije Street**

**Цена**: од **85,00** EUR до **85,00** EUR

Излет кој дефинитивно ќе биде highlight на нашата авантура во Кина. Освојуваме уште едно светско чудо, односно познатиот Кинески ѕид. За неговата изградба биле потребни повеќе од 2000 години. Огромниот џиновски змеј се протега низ границата на северна Кина, оваа структура поминува низ планини, шуми и котлини. Градба која ја бранела Кина од армиите на Генгис Кан. Се искачуваме на ѕидот со жичара, потоа започнуваме со нашата авантура на врвот на ѕидот!! Се искачуваме на различнивидоковци, се симнуваме во бунари и ги впечатуваме не-еднаквите скали на овој ѕид (некои од нив се високи самонеколку сантиметри, а некои достигнуваат и до 1 или 2 метри) Ќе уживаме во прекрасната глетка додека слушаме за приказните и историјата на ова светско чудо. Дефинитивно испразнете го вашиот телефон поради тоа што на ѕидот ќе направиме илјадници слики. Оттука продолжуваме кон палатата која воедно служела како летна резиденција на кинескиот император - Летната палата. Летната палата. денес е најголемиот национален парк во Кина, со површина од 270 хектари. Оваа палата датира од 17 век, а со тек на времето неколку пати била доградувана. Последен пат овој храм бил реновиран во времето на царицата Ци Ши, кога било ископано вештачко езеро. За крај ја посетуваме една од најфрекфентните улици во Пекинг, улицата Guijie -- каде всушност се наоѓа и еден од најголемите пазари Hongqiao. Купуваме разни сувенири, чај, зачини и се ценкаме со локалното население.

**Небесниот храм и Schichai Park**

**Цена**: од **60,00** EUR до **60,00** EUR

Започнуваме со посета на Небесниот Храм кој е комплекс од царски верски згради, сместен во југоисточниот дел од градот. Во него се наоѓаат 12 внатрешни и 12 надворешни столбови, кои го симболизираат традиционалното кинеско сметање на времето. Станува збор за најголемиот и најшірокиот храм на светот. Овој храм е прогласен од УНЕСКО за светско наследство. Додатоците направени во времето на оваа царица се меѓу врвните достигнувања на кинеската архитектура и градба. време е за релаксација. Го посетуваме единствениот парк во кој се спојуваат трите мориња на Кина и кој се наоѓа во срцето на Пекинг. Имаме слободно време да одмориме во глетката

**Сместување**

**Хотел со 4* во Хонг Конг** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

**Хотел 4*** (по локална категоризација) е сместувачки објект кој располага со двокреветни соби. Сите соби имаат сопствен тоалет. Услугата е на база ноќевање со појадок. Името на хотел ќе биде потврдено по формирање на групата, а најдоцна четри недели пред патувањето.

**Harbour Plaza Metropolitan Hotel 4*** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Harbour Plaza Metropolitan Hotel 4* е нов модерен хотел, сместен на одлична локација, хотелот е идеално поврзан со центарот на градот! Хотелот е со 4* по локална категоризација. Располага со ресторан, бар, тераса, внатрешен базен и сауна, додека собите се опремени со клима, електричен бокал, фрижидер, сеф, телевизор и сопствен тоалет.

***Услугата е на база ноќевање со појадок.***

**Сајт**
https://www.harbour-plaza.com/metropolitan-shanghai/en/

**Адреса**
No. 55
Lane 689
Liquan Road
(Shanghai Metro Zhenru Station Exit 1) Putuo District
Shanghai
P.R. China 200333

**Beijing Guantongjianhui Hotel A** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Beijing Guantongjianhui Hotel A хотел со 4* по локална категоризација во Пекинг, Кина. Се наоѓа на фантастична локација во срцето на централниот бизнис дистрикт (CBD), хотелот е во близина на China World Mall, еден од најголемите шопинг центри во градот, каде што ќе најдете бројни продавници и ресторани на само неколку чекори од хотелот.  Хотелот располага со ресторан, бар и фитнес центар, а сите соби се опремени со клима уред, телевизор, фрижидер и сопствен тоалет.

***Услугата е на база ноќевање со појадок.***

**Адреса**
6 Yaziqiao Rd
Xicheng District
Beijing
China
100055

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Хонг Конг**

Хонг Конг е град на јужниот брег на Народна Република Кина и излегува на Јужното Кинеското море. Еден е од најзначајните економски и финансиски центри на светот но и еден од туристичките центри на Кина.

**Шангај (Shanghai)**

Еден од најголемите градови на Кина и морско пристаниште на утоката на реката Хунагпу во реката Јангце. Најголем сообраќаен, трговски и индустриски центар во земјата. Еден од еколошки најзагрозените градови на светот, синоним за грев, авантуризам и богатство.

**Пекинг (Beijing)**

Главен град на Народна Република Кина. Градот има 7 милиони жители и од 13ти век припаѓа на Монголското царство. Втор најголем град во Кина после Шангај и голем сообраќаен центар со мноштво пруги, патишта и автопати. Најзначаен политички, културен и образовен центар на Народна Република Кина.

**Корисни информации**

**Кина**

- **Кина** официјално Народна Република Кина, е држава во источна Азија. Има брег долг 14.500м и се граничи со Виетнам, Лаос, Мјанмар, Индија, Бутан, Непал, Пакистан, Авганистан Таџикистан, Киргистан, Казахстан, Русија, Монголија и Северна Кореја. Главен град е Пекинг. Четврта по големина земја на светот и најбројна со преку 1.5 милијарди жители. Еднопартиска држава со владеење на Комунистичката партија на Кина. Административно е поделена на 22 провинции, 5 автономни региони, 4 директно контролирани општини и 2 региони со специјален статус (Хонг Конг и Макао).
- **Виза:** За државјаните на Р.С. Македонија **не е потребна** виза.
- **Здравствена ситуација:** Санитарната ситуација во Кина е добра, без подрачјата на кои би имало епидемија или заразни болести. Здравствената служба е добро организирана, а изборот на медицински установи е голем пропорционално со големината на градовите. При посета на Тибет, заради ниските притисок и разредениот воздух на таа надморска височина, потребно е посебно внимание. Можна појава е отежнато дишење, вртоглавици, нервоза, забрзана работа на срцето, крварење од нос, болка во мускулите и слично. Се препорачува покрај соодветната исхрана и лесните вежби, побавно движење со помалку багаж, а во случај на реакција на надморската височина, треба да се земе кислород. Во посериозни ситуации, може да се побара помош во болниците кои се наоѓаат на пониска надморска височина. Лицата кои имаат проблеми со срцето, висок крвен притисок или астма не се препорачува патување на Тибетското плато.
- **Временска зона:** Кина се наоѓа во UTC+08:00 временска зона, односно +6ч во однос на Македонија.
- **Клима:** Најголем дел на Кина се наоѓа во умерена климатска зона под влијание на монсуни. Од септември/октомври до март/април дуваат ветрови од Сибир и Монголија. Што појужно одиме нивната јачина се намалува. Предизвикуваат сува и студена зима и доведуваат до големи температурни разлики (и до 40 целзиусови степени) во однос на југот на земјата. Во лето, монсуните дуваат од океанот и носат топол, влажен воздух и дожд. Големината на земјата и разноликоста на релјефот предизвикуваат големи климатски разлики во различни делови на земјата. На пример, северниот дел на провинцијата Хеилонгјанг(североисточна Кина) нема вистинско лето, додека провинцијата Хаинан нема зима. Долината Хуаихе има четири годишни времиња. Западниот дел на Тибетанската висорамнина е целата година покриен со снег, а јужниот дел на висорамнината *Yunan-Guizhou* има пролетна клима во текот на целата година. Северозападниот дел на внатрешните региони на Кина се карактеризираат со големи осцилации на температурата во текот на денот. Долж источниот брег количината на дожд изнесува околу 1500мм, додека во внатрешните северозападни краеви едвај достигнува 50мм.
- **Храна и пијалок:** Кинеската кујна се базира првенствено на ориз, зеленчук и месо кои се служат со разноврсни прилози, како и варијација на нудли, супа и зеленчук. За подготовка на јадењата најчесто се користи сусамово масло, ферментирана паста од грав, соја сос, сол, кромид, ѓумбир, бибер, ферментирана

чили паста и зелка. Најефтиниот оброк може да го најдете во рестораните за брза храна и ќе ве чини од 5-7еур. Во малку полуксузни ресторани оброците се во просек од 10-20еур.
- **Сигурност:** Кина важи за држава со висок степен на јавен ред и мир, но секако треба да внимавате на ситни криминалци и кражба.
- **Облека:** Без разлика дали во Кина патувате во пролет или во есен, се препорачува слоевито облекување заради разликите помеѓу утринските и попладневните температури. Ви советуваме да понесете удобна облека како и јакна за вечерните часови.
- **Локална валута:** Официјалната валута на Кина е Јуан (CNY) и е единственото дозволено средство за плаќање. Плаќање со странска валута не е дозволено. По последниот курс 1еур=7,5 јуани, 1$ = 6,4 јуани. Може да се користат и платежни картички American Express, VISA, Diners Club и Master Card, но мора да ви напомeнеме дека често се случува да не поминуваат платежните картички и ви советуваме да се потпрете исклучиво на готовина.
- **Струја:** Во Кина, стандардната волтажа е 220 волти и се користат три типа адаптери за електрична енергија: со два сплоснати влезови, со три сплоснати влезови и стандарден европски кој се користи и во Македонија.

**Важни напомени**

**Напомени:**

**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/нea, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да

биде авантура и добра забава).

- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.